Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јули 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект хотел Монтенегро со седиште на ул. Димче Ковачевски бр.20 Струга, ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ЕУРО ПЛАСТ – ПЛУМ ДООЕЛ Струга со седиште во с.Мороишта Струга, поднесе Барање бр.УП I 13-150 од 21.4.2022 година за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект хотел Монтенегро за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по Барањето изврши увид на предметниот објект при што со Ивештај бр.УП I 13-150 од 17.5.2022 година, констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од четврта категорија со две ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за сместување за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македеонија“ бр.41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Владата на Република Северна Маледонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.
Согласно член 27-б од Законот за угостителскта дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Бр. 41-5141/1**
**5 јули 2022 година**
**Скопје**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Скопје-Shkup

Подготвил: Маја Богоевска
Проверил: Никола Пасков/Катерина Јаневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: м-р Методија Димовски